Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина (Службен Весник на Република Македонија број 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 і 123/12) и член 137 од Законот за управување со отпадот, (Службен весник на Република Македонија број 68/04, 07/07, 102/08, 143/08, 171/08, 124/10, 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот

# ПЛАН
## за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2020 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 19-323/2
14-01-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

член 1

Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст на планот - МЖСПП), врши надзор над работата на органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

член 2

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежностите.

член 3

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје во текот на 2020 година, МЖСПП ќе го спроведе во следните надлежности:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, согласно Законот за управување со отпадот.

член 4

Во текот на 2020 година, надзорот над законитоста на работата ќе се изврши на следните општини и општини во град Скопје:

1. Општина Боговиње,
2. Општина Вевчани,
3. Општина Желино,
4. Општина Брвеница,
5. Општина Зелениково,
6. Општина Карбинци,
7. Општина Кривогаштани
8. Општина Могила,
9. Општина Новаци
10. Општина Ново Село
11. Општина Прилеп
12. Општина Теарце
13. Општина Чучер Сандево
14. Општина Чешиново и облешево
15. Општина Врапчиште

член 5

Заради остварување на надзорот од член 1 на овој план, министерот за животна средина и просторно планирање ќе формира комисија составена од седум државни службеници вработени во МЖСПП кои работат во областите наведени погоре. Во составот на комисијата најмалку еден државен службеник ќе биде од редот на вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно- надзорни работи.

член 6

Комисијата ќе ги извести надлежните лица во општините, Град Скопје и општините во град Скопје кои се предмет на надзор најмалку 15 дена пред извршување на надзорот.

член 7

член 9

По извршувањето на надзорот Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да го информира Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС за преземените мерки и активности при вршењето на надзорот.

член 10

По извршувањето на надзорот Министертсвото за животна средина и просторно планирање е должно на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје кај кој е извршен надзорот да им достави укажување за евентуалните констатирани недостатоци и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци

член 11

Координацијата на спроведувањето на надзорот ќе се врши од страна на Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи при МЖСПП.

член 12

Овој план се објавува на веб страната на МЖСПП.

Скопје,
09.01.2020 година

Министер

Naser Nuredini

Изработил: Гоце Ставрев

Контролирал: Тања Пауновска